**20240791624**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Врз основа на член 136 став (3) од Законот за управување со отпадот (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ 216/21), министерот за животна средина и просторно планирање, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПРЕКРШОЧНИОТ ПЛАТЕН НАЛОГ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.

Член 2

Прекршочниот платен налог за микро трговец, мал трговец, среден трговец и голем трговец кое е правно лице е отпечатен на хартија со бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог бр.1, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Прекршочниот платен налог за одговорното лице во правното лице е отпечатен на хартија со бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог бр.2, кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Прекршочниот платен налог за физичко лице е отпечатен на хартија со бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог бр.3, кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13-2884/1
3 април 2024 година
Скопје

Министер за животна средина
и просторно планирање,
**Каја Шукова,** с.р.

Прилог бр.1

______________
(назив на органот)
Број ___________
Датум __________год.во_________часот

Врз основа на член 136 став (1) од Законот за управување со отпадот (*), инспекторот од Државниот инспекторат за животна средина/ инспекторот од Државниот санитарен и здравствен инспекторат/ инспекторот од Државниот комунален инспекторат /овластениот инспектор за животна средина на општините/ овластениот инспектор за животна средина на општините во градот Скопје/ овластениот инспектор за животна средина на градот Скопје, издава

ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ

- ☐ микро трговци-правно лице
- ☐ мали трговци-правно лице
- ☐ средни трговци-правно лице
- ☐ големи трговци-правно лице

| А | ПОДАТОЦИ ЗА ПРАВНОТО ЛИЦЕ |
|---|---|
| Назив | |
| Седиште | |
| Даночен број | |
| Жиро – сметка и деловна банка | |

| Б | ПОДАТОЦИ ЗА ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ ВО ПРАВНОТО ЛИЦЕ |
|---|---|
| Име и презиме | |
| ЕМБГ | |
| Датум, место и држава на раѓање | |
| Занимање | |
| Адреса на живеалиште или на престојувалиште | |
| Број на лична карта/патна исправа | |
| Датум и место на издавање на л.к./патна исправа | |
| Орган кој ја издал л.к./патната исправа | |

| В | ПОДАТОЦИ ЗА СТОРЕНИОТ ПРЕКРШОК |
|---|---|
| Место и време на сторување на прекршокот | |
| Опис на прекршокот | |
| Правна квалификација на прекршокот | |
| Записник за сторен прекршок | |
| Износ на глоба за прекршокот | |
| Сметка за плаќање на глобата на образец ПП 50 | -цел на дознаката:уплата на глоба за прекршок согласно Закон за управување со отпадот (*)<br>- банка на примачот:Народна банка на Република Северна Македонија<br>-трезорска сметка:100-0000000630-95<br>-уплатна сметка:840***05262(***број на општина каде се уплатува)<br>-приходна шифра:722124 00 |

ПРАВНА ПОУКА: Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да се достави доказ за извршената уплата до надлежната инспекциска служба што го издала прекршочниот платен налог. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, надлежниот инспектор поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд.

Сторител на прекршок, Инспектор,

_________________________ _______________________

име,презиме и своерачен потпис име,презиме и своерачен потпис

М.П.

Прилог бр.2

(назив на органот)
Број ___________
Датум __________год.во_________часот

Врз основа на член 136 став (1) од Законот за управување со отпадот (*), инспекторот од Државниот инспекторат за животна средина/ инспекторот од Државниот санитарен и здравствен инспекторат/ инспекторот од Државниот комунален инспекторат/овластениот инспектор за животна средина на општините/ овластениот инспектор за животна средина на општините во градот Скопје/ овластениот инспектор за животна средина на градот Скопје, издава

ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ

(за одговорното лице во правното лице)

| А | ПОДАТОЦИ ЗА ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ ВО ПРАВНОТО ЛИЦЕ |
|---|---|
| Име и презиме | |
| ЕМБГ на одговорното лице во правното лице | |
| Датум, место и држава на раѓање | |
| Адреса на живеалиште или на привремен престој | |
| Државјанин на | |
| Број и датум на издавање на лична карта / патна исправа | |
| За странски државјани бр. на патна исправа | |
| Орган кој ја издал патната исправа | |

| Б | ПОДАТОЦИ ЗА ПРАВНОТО ЛИЦЕ |
|---|---|
| Назив | |
| Седиште | |
| ЕДБ | |

| В | ПОДАТОЦИ ЗА СТОРЕНИОТ ПРЕКРШОК |
|---|---|
| Место и време на сторување на прекршокот | |
| Опис на прекршокот | |
| Правна квалификација на прекршокот | |
| Записник за сторен прекршок | |
| Износ на утврдена глоба за прекршокот | |
| Сметка за плаќање на глобата на образец ПП 50 | - цел на дознаката:уплата на глоба за прекршок согласно Закон за управување со отпадот (*)<br>- банка на примачот:Народна банка на Република Северна Македонија<br>- трезорска сметка:100-0000000630-95<br>- уплатна сметка:840***05262(***број на општина каде се уплатува)<br>- приходна шифра:722124 00 |

ПРАВНА ПОУКА: Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да се достави доказ за извршената уплата до надлежната инспекциска служба што го издала прекршочниот платен налог. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, надлежниот инспектор поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд.

| Сторител на прекршок, | Инспектор, |
|---|---|
| ___________________________ | ___________________________ |
| име,презиме и своерачен потпис | име,презиме и своерачен потпис |

М.П.

Прилог бр. 3

______________
(назив на органот)
Број ___________
Датум __________год.во_________часот

Врз основа на член 136 став (1) од Законот за управување со отпадот (*), инспекторот од Државниот инспекторат за животна средина/ инспекторот од Државниот санитарен и здравствен инспекторат/ инспекторот од Државниот комунален инспекторат/ овластениот инспектор за животна средина на општините/ овластениот инспектор за животна средина на општините во градот Скопје/ овластениот инспектор за животна средина на градот Скопје, издава

ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ

(за физичко лице)

| А | ПОДАТОЦИ ЗА ФИЗИЧКОТО ЛИЦЕ |
|---|---|
| Име и презиме | |
| ЕМБГ | |
| Број и датум на издавање на лична карта / патна исправа | |
| Датум, место и држава на раѓање | |
| Занимање | |
| Државјанин на | |
| Адреса на живеалиште или привремен престој | |
| За странски државјани бр. на патна исправа | |
| Орган кој ја издал патната исправа | |

| Б | ПОДАТОЦИ ЗА СТОРЕНИОТ ПРЕКРШОК |
|---|---|
| Место и време на сторување на прекршокот | |
| Опис на прекршокот | |
| Правна квалификација на прекршокот | |
| Записник за сторен прекршок | |
| Износ на глоба за прекршокот | |
| Сметка за плаќање на глобата на образец ПП 50 | - цел на дознаката: уплата на глоба за прекршок согласно Закон за управување со отпадот (*)<br>- банка на примачот: Народна банка на Република Северна Македонија<br>- трезорска сметка: 100-0000000630-95<br>- уплатна сметка: 840***05262(***број на општина каде се уплатува)<br>- приходна шифра: 722124 00 |

ПРАВНА ПОУКА: Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да се достави доказ за извршената уплата до надлежната инспекциска служба што го издала прекршочниот платен налог. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, надлежниот инспектор поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до Прекршочната комисија.

Сторител на прекршок, Инспектор,

_____________________________ _____________________________

име,презиме и своерачен потпис име,презиме и своерачен потпис

М.П.